ACT! consultancy services

# ПРАВНА КОНФЕРЕНЦИЈА

## 85-ТА СРЕДБА НА ПРАВНИЦИТЕ



Ко-организатори:
Здружение на правници и АЦТ! ДОО Скопје

**08-10 | ЈУНИ | 2023**

хотел Метропол, Охрид

Здружение на правници на Република Северна Македонија

Поттикнати од идејата дека знаењето е повредно кога ќе се сподели, инспирирани од средбите на правниците како места за меѓусебно запознавање, уверени дека теоријата е безгласна без праксата, уважувајќи ги сите правни професии и водени од страста за правото, ко-организаторите Здружение на правници и АЦТ! ДОО Скопје, Ве поканувaат на 85-та Средба на правниците во ново руво како

# ПРАВНА КОНФЕРЕНЦИЈА
# 08-10 јуни 2023 год., хотел Метропол, Охрид

Предизвиците со кои се соочи светот како последица на пост-пандемиските околности, енергетската криза, инфлацијата и општата неповолна економска и политичка состојба, не ги заобиколија ниту правните професии и уште еднаш ја истакнаа потребата од континуирана едукација, вмрежување и размена на добрите примери од пракса.

Нашата цел е да ги собереме правните практичари на оваа конференција, да ги споделиме искуствата и насоките за употребна вредност на правото чинејќи ја примената на правото ефикасна, достапна и квалитетна.

Ве покануваме да бидете дел од оваа Правна конференција на која преку динамични, интерактивни сесии, со бонус работилница за заштита на личните податоци и во современ аудиовизуелен амбиент ќе имате можност да ги проследите предавањата кои ќе Ве запознаат со последните актуелности во повеќе правни области.

## КОТИЗАЦИЈА И ПРИЈАВУВАЊЕ

Цената за учество на тридневната конференција е **7.990 МКД + 18% ДДВ** за едно лице.

Цената за учество на тридневната конференција за **членови на Здружението на правници, претплатници на списанието Правник и е-базата на прописи, преводи и пресуди Праксис е 6.990 МКД + 18% ДДВ** за едно лице.

**Сите учесници кои ќе се пријават за учество на конференцијата добиваат бесплатна котизација за учество на работилницата за заштита на лични податоци.** Цената за учество само на **работилницата за заштита на лични податоци** е **6.990 МКД + 18% ДДВ за едно лице.**

Во цената е вклучено: учество на правната конференција и/или на работилницата за заштита на лични податоци, работни материјали, материјали од конференцијата и/или работилницата во е-форма, симултан превод од англиски на македонски јазик и обратно, влезница за забава и сертификат за учество.

Дополнителни попусти за пријавени повеќе учесници од ист правен субјект:

- -5% попуст за 3 пријавени учесници
- -10% попуст за пријавени 4-6 учесници
- -15% попуст за пријавени 7-9 учесници
- За 10 пријавени учесници следуваат **2 бесплатни котизации**!



**Запознајте ги колегите, инспирирајте се и останете во тек со актуелните теми и трендови во правото!**

Информации за конференцијата и лица за контакт: Анастасија Периќ (070/310-188) и Софија Христовска (075/227-126)

Пријавувањето се врши на mla@mla.org.mk и obuki@act.com.mk со испраќање на име, презиме, адреса за е-пошта, телефон за контакт на учесникот/-чката, називот и адресата на правниот субјект кој ќе го врши плаќањето.Плаќањето за учество на конференцијата се врши по основ на фактура.

Резервациите за хотелско сместување се прават директно во хотел Метропол, Охрид.

Деталната агенда за тридневната конференција и работилницата за заштита на лични податоци е во продолжение. Ко-организаторите го задржуваат правото да направат одредени промени во агендата.

# АГЕНДА
## РАБОТИЛНИЦА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Место: Сала Билјана, хотел Метропол, Охрид
Датум: 08.06.2023 год. (четврток)
Време: 13:00 – 18:00

| | |
|---|---|
| 12:00 – 13:00 | **Регистрација на учесници**<br>Место: Пред сала Билјана, хотел Метропол, Охрид |
| 13:00 – 13:15 | **Воведно обраќање**<br>Говорници: **Стевица ЈОСИФОВСКИ**, претседател на Здружение на правници и<br>**Претставник од Министерство за правда** (TBD) |
| 13:15 – 14:00 | **Најновата судска пракса на Европскиот суд на правдата во област на заштита на личните податоци**<br>Презентер: **Клер-Агнес МАРНИЕР (Claire-Agnès MARNIER)**, правник, Европски супервизор за заштита на податоците, Брисел, Белгија |
| 14:00 – 14:45 | **Елементи на супервизија, најчести наоди при супервизија од област на заштита на лични податоци, идни планови и активности на Агенцијата за заштита на лични податоци**<br>Презентер: **Валентин ФЕТАЏОКОСКИ,** главен супервизор во Агенција за заштита на лични податоци |
| 14:45 – 16:00 | **ПАУЗА за ручек** |
| 16:00 – 16:45 | **Како да се применат законските барања за заштита на лични податоци: чекор по чекор до усогласување за Законот за заштита на личните податоци**<br>Презентер: **Димитар ГЕОРГИЕВСКИ**, консултант за заштита на лични податоци |
| 16:45 – 17:30 | **Практични насоки за спроведување внатрешни контроли, предизвици и примери на добра пракса од аголот на офицери за заштита на лични податоци**<br>Презентер: **Игор КУЗЕВСКИ**, офицер за заштита на лични податоци |

# АГЕНДА

Место: Сала Билјана, хотел Метропол, Охрид
Датум: 09.06.2023 год. (петок)
Време: 09:30 – 17:30

| | | |
|---|---|---|
| 09:30– 10:15 | **Еден устав – два суда: Уставната јуриспруденција на Специјалниот суд на Косово**<br><br>Презентер: **Енвер ХАСАНИ**, професор на Правниот факултет во Приштина, поранешен Претседател на Уставниот суд на Косово |
| 10:15 – 12:00 | **ПАНЕЛ: Правата на одбраната и оштетениот во истражна постапка-**<br><br>Модератор: **Стевица ЈОСИФОВСКИ**, адвокат<br><br>Панелисти:<br>▪ **м-р Ненад САВЕСКИ**, судија во Основен Кривичен суд – Скопје<br>▪ **Катерина КОЛАРЕВИЌ**, јавен обвинител при ЈО ГОК<br>▪ **Дељо КАДИЕВ**, адвокат и<br>▪ **проф. д-р Гордан Калајџиев,** професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје |
| 12:00 – 12:30 | **ПАУЗА** |
| 12:30 – 12:50 | **Нови и зголемени права на потрошувачите на енергија: право на избор на снабдувач, ефективни модели за решавање по приговори на потрошувачи и спорови меѓу вршители на енергетски дејности**<br><br>Презентер: **Дирк БУШЛЕ (Dirk BUSCHLE)**, заменик директор и раководител на правна служба во Енергетска заедница, Виена, Австрија |
| 12:50 – 13:20 | **Можности за основање енергетски задруги**<br><br>Презентер: **Славчо НЕЈКОВ (Slavtcho NEYKOV)**, претседател на УО на Институт за енергетски менаџмент, Софија, Бугарија |
| 13:20 – 14:20 | **ПАНЕЛ: Енергетско право**<br><br>Теми: Досегашни искуства и понатамошен развој на моделот потрошувач-производител; Инвестиции во производство од ОИЕ: предизвици поврзани со правните прашања и административните постапки; Бенефициите на гаранциите за потекло за производителите и потрошувачите на ОИЕ и придонесот во зголемување на чистата енергија и корпоративната општествена одговорност<br><br>Модератор: **Самир ЛАТИФ**, директор на проект „Поврзани за развој“ финансиран од УСАИД, имплементиран од RTI како главен контрактор и АЦТ! ДОО Скопје како подизведувач<br><br>Панелисти:<br>▪ **Славе ИВАНОВСКИ**, експерт за енергетско право<br>▪ **Славчо НЕЈКОВ (Slavtcho NEYKOV)**, претседател на УО на Институт за енергетски менаџмент<br>▪ **Дирк БУШЛЕ (Dirk BUSCHLE)**, зам. дир. и рак. на правна служба во Енергетска заедница |

**ПРОДОЛЖУВА →**

# АГЕНДА

Место: Сала Билјана, хотел Метропол, Охрид
Датум: 09.06.2023 год. (петок)
Време: 09:30 – 17:30

| | |
|---|---|
| 14:20 – 15:30 | ПАУЗА за ручек |
| 15:30 – 15:50 | **Правни аспекти на склучувањето, раскинувањето и ништовноста на договорите во македонскиот правен поредок**<br><br>Презентер: **Александар ШОПОВ**, судија во Основен суд Велес |
| 15:50 – 16:10 | **Новото европско потрошувачко право имплементирано во новиот Закон за заштита на потрошувачите**<br><br>Презентер: **проф. д-р Јадранка ДАБОВИЌ АНАСТАСОВСКА**, професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје |
| 16:10 – 16:30 | **Примери на добра пракса од европското потрошувачко право, студи на случаи и новите трендови во заштита на потрошувачите и зелената транзиција**<br><br>Презентер: **Кристоф БЕРНЕ** (Christophe BERNES), експерт за потрошувачкото право на Европската Унија, Париз, Франција |
| 16:30 – 17:30 | **ПАНЕЛ: Како до подобра и поефикасна имплементација на прописите на ЕУ од област на потрошувачкото право во домашното законодавство**<br><br>Модератор: **Адиса ФАЗЛИОСКА,** советник за потрошувачко право со искуство во имплементирањето на европското потрошувачко право во домашното законодавство<br><br>Панелисти:<br>▪ **Александар ШОПОВ**, судија во Основен суд Велес<br>▪ **проф. д-р Јадранка ДАБОВИЌ АНАСТАСОВСКА**, професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје<br>▪ **Кристоф БЕРНЕ** (Christophe BERNES), експерт за потрошувачкото право на Европската Унија, Париз, Франција и<br>▪ **Д-р Орде Ѓорѓиоски,** заменик претседател на Македонска асоцијација на корпоративни правници, директор за општи и правни работи на Витаминка АД Прилеп |

| | |
|---|---|
| 21:00 – 01:00 | ЗАБАВА ЗА ИНСПИРАЦИЈА И ВМРЕЖУВАЊЕ<br><br>Локација: The HarbouR Club, Охрид |

# АГЕНДА

Место: Сала Билјана, хотел Метропол, Охрид
Датум: 10.06.2023 год. (сабота)
Време: 09:30 – 11:45

| | | |
|---|---|
| 09:30 – 10:00 | **Осврт на новините од Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам**<br><br>Презентери: **Гоце ТРАЈКОВСКИ** и **Искра ИВАНОВСКА СТОЈАНОВСКА**, самостојни советници во Дирекција за теренска супервизија, Народна банка на Република Северна Македонија |
| 10:00 – 10:30 | **Осврт на новините од Законот за платежни услуги и платни системи**<br><br>Презентер: **Биљана ДОНОВСКА ГЕЧЕВА**, самостоен советник во Дирекција за платни системи, Народна банка на Република Северна Македонија |
| 10:30 – 11:30 | **ПАНЕЛ: Искуства од процесите за усогласување со Закон за спречување перење пари и финансирање тероризам и Законот за платежни услуги и платни системи и дилеми и предизвици во примената**<br><br>Модератори: **Гоце ТРАЈКОВСКИ, Искра ИВАНОВСКА СТОЈАНОВСКА** и **Биљана ДОНОВСКА ГЕЧЕВА,** самостојни советници во Народна банка на Република Северна Македонија<br><br>Панелисти:<br>▪ **Искра ТОСЕВА**, директор на Самостојна дирекција за контрола на усогласеност на работењето на Банката и спречување на перење пари, Комерцијална банка АД Скопје<br>▪ **Татјана ДАВЧЕВ**, директор за усогласеност и правни работи, Иуте Кредит Македонија ДООЕЛ Скопје и<br>▪ **Глигор ПАНДИЛОВСКИ**, директор на Сектор за контрола на усогласеноста на работењето на банката со прописите, Стопанска банка АД Скопје и претседавач на Комисија за спречување перење пари и усогласеност со прописи во Македонска банкарска асоцијација |
| 11:30 – 11:45 | **Осврт на правната конференција и заклучни согледувања**<br><br>Говорник: **Стевица ЈОСИФОВСКИ**, претседател на Здружение на правници |